# Образец на пријава

**Измени во конкурсната документација и пријавата за Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво**

**Скопје, 25.01.2019** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 3-тата седница одржана **на 25.01.2019 година, донесе Одлука за изменување на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво од 23.11.2018 година**, со цел усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Поради измените на Одлуката за објавување на јавен конкурс соодветно се изменети и конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво и образецот – Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, кои што можат да се подигнат во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров“, ул.„Македонија” бр.38, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

Рокот на поднесување на потребната документација од 65 дена е зголемен на 90 дена.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 60.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со Одлуката за изменување на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, како и некомплетните,

неуредно пополнетите пријави и пријавите кои нема да бидат поднесени во 2 (два) примерока (оригинал и копија), нема да се разгледуваат.